ИНТЕРВЈУ: ГОЦЕ НАНЕВСКИ, ЛИКОВЕН УМЕТНИК

# Венецискиот биенале е значаен фактор за афирмација

## Биеналето претставува реален пресек на најновата и најрелевантна ликовна продукција на современата ликовна сцена во светски рамки - вели Наневски

ВЕСНА ИВАНОВСКА

Уметникот Гоце Наневски е еден од двајцата уметници кои ќе ја претставуваат Македонија на 53-тото по ред Венецијско биенале за уметност. Неговото претставување ќе го организира Националната галерија на Македонија. Инсталацијата засега има два работни наслова, „Континуирани дистрибуции на неверојатноста" и „Педесет или педесет". Проектот е на Националната галерија, но сè уште не е дефинирано како ќе биде изложен во Венеција. Познато е само дека ќе биде изложен во затворен простор.

Под ведро небо ќе биде изложен проектот на Никола Узуновски, чие претставување ќе го организира Музејот на град Скопје. Биеналето ќе се одржи од 7 јуни до 22 ноември.

● **Вашето дело треба да биде изложено во затворен простор. Каква е концепцијата?**

- Просторот треба да задоволи одредени услови што се однесуваат и на некаква „среќна" локација во градот, имајќи предвид дека Македонија нема сопствен простор како некои други земји. Но, мора да бидат исполнети и услови што ќе го задоволат концептот за галерија во елементарна смисла. Не се потребни некакви вонредни услови. Самиот концепт ќе наметне одредени структурирања на просторот. Мислам дека наскоро ќе имаме конкретно решение за просторот.

### ПРИКАЗНА ЗА ВРЕМИЊАТА

● **Како ќе изгледа „Педесет или педесет"?**

- Проектот првично е наречен „Педесет или Педесет" и во моментов го носи истиот наслов, но како работна варијанта. Поради новиот концепт и просторот, ќе претрпи извесна доработка од она што претходно беше видено. Пред мене стои период на сериозен и обемен ангажман за да се заокружи проектот.

● **Носечка тема се бројчениците „позајмени" од автоматите за точење бензин, кои станаа Ваш препознатлив знак. Повторно користите стари бројчeници. Која е Вашата уметничка порака?**

- Тоа е проект за времето, за микро и макровремето. Тоа е приказна за многуте времиња и за нашите можни истории во микросекојдневјето. Во многу нешта ќе биде и прашалник што ќе ги отвори прашањата на веројатноста или на неверојатноста... По многу нешта гледачот ќе биде исправен пред можноста, сега или понатаму... Ние секојдневно ги имаме пред себе истите прашања, но не успеваме секогаш да ги решиме или дефинираме. „Педесет или педесет" е проект што стои меѓу решението и дефиницијата.

● **Со рекомпонирањето на одредени редимејд-објекти им давате сосема друга димензија. Од каде е поривот на веќе искористени, истрошени предмети, да им давате поинаква функција и повторно да ги враќате во живот?**

- Скулпторската практика познава разни методи или постапки во создавањето на делото. Практиката ги проверува методологиите, а на авторите е да одлучат кој пат ќе го одберат. Во овој случај мислам дека поприсутен проблемот на квантитет на сметка на редимејд-решението. Барем јас тоа така го гледам. Ако на веќе истрошените и искористени предмети им се даде шанса, во скулптура или во уметнички проект кој однатре има модуларна димензија и квалитет, тие ја задржуваат шансата на повторно рекомпонирање во нов концепт.

● **Објектите ќе бидат поставени во просторија, во која ќе биде нагласена играта на црното и белото. Такви се и бројчениците. Каде е бојата во Вашите дела?**

- Не мислам дека прашањето на „нова обоеност" ќе придонесе во квалитативна смисла. Оптичкиот момент во мноштвото броеви е повеќе од доволна сензација на тоа ниво на гледање на нештата. Дополнувањето на концептот со нов елемент во играта од таков тип е сосема непотребно.



Фото: Слободан Ѓуриќ

● **Што ќе биде претставено на видеото, кое ќе биде составен дел на проектот?**

- Проектот ќе претрпи доработка. Засега знам дека во игра ќе влезат неколку нови елементи, звук, движење. Инсталацијата или амбиентот се појавности кои искуствено опфаќаат многу широка палета употребни средства и методи во својата физичка и концепциска изразност. Тие ја задржуваат можноста за доработка, адаптација, па дури и преформулација. Во согласност со условите, тоа е сосема легитимно и оправдано.

● **Тема на Биеналето е „Создавање светови". Какви реакции очекувате од изложувањето на Вашите светови?**

- Досегашното искуство, според реакцијата на публиката, сигурно ќе биде поинакво од искуството што ќе го имаме во Венеција. Но, во секој случај, убеден сум дека поставката ќе предизвика интерес и длабока возбуда кај публиката.

### ПОСВЕТЕН НА ПРОЕКТОТ

● **Досегашните учесници на Венецијското биенале за уметност велат дека на манифестацијата не се претставува автор, ниту проект, туку нација. Колкава е за Вас величината на Венецијското биенале?**

- Токму така. Тоа е манифестација на која силите се мерат според алтернативни методи и поинакви единици мерки. Факт е дека досега Македонија пласирала врвен квалитет и го давала својот максимум при претставувањата на Биеналето. Претставувањето на некаков уметнички продукт е чин кој треба и мора да мобилизира повеќе чинители што ќе понудат знаење, оперативност и многу свест за претставувањето на државата. Длабоко сум убеден дека ќе направиме максимум во подготвувањето и претставувањето на Македонија на Биеналето. Потребна е комплексна и сериозна организација и претставување, за да се создаде респектабилен културен имиџ на една земја. Со тоа ќе заземеме и релевантно место на светската ликовна мапа. Од друга страна, во момент на сериозни напади и манијачки уцени, македонскиот идентитет треба да го манифестира врвот од својот потенцијал, култура, квалитет и знаење. Претставувањето на Венецијското биенале треба недвосмислено да се искористи во агресивна промоција и на тие цели. Сите знаеме дека нам блиската Хрватска на последното претставување на Биеналето инвестираше околу еден милион евра, намерно потенцирам дека инвестираше.

● **Како автор, очекувате ли некаков бенефит од Биеналето?**

- Искрено, сето мое внимание и концентрација се однесуваат кон тоа што треба да се сработи и да се организира до отворањето на Биеналето. Јас сум комплетно посветен на делот од нештата на кои можеме да влијаеме во моментов. За некаков бенефит мислам дека можеби ќе може да разговараме понатаму.

● **Може ли странскиот пазар да стане полесен за освојување ако во портфолиото на уметникот влезе Венецијското биенале како искуство?**

- И покрај сè, повеќе релевантни претставувања на современата ликовна уметност во светот, Венецијското биенале преставува реален пресек на најновата и најрелевантна ликовна продукција на современата ликовна сцена во светски рамки. Честа за претставување на сопствената држава е задоволство, огромна обврска, но и некаков бенефит во тежината на вашата професионална биографија. Влијанието на факторот „учество" на Венецијското биенале во освојување нови простори можеби повеќе е наменето за колегите што веќе го имаат таквото искуство зад себе. Лично не мислам дека исклучиво учеството на Венецијското биенале е одлучувачки фактор за пласман на нови простори па и пазари. Најмногу мислам на фактори што се од стратешка, културна, организациска или логистичка природа. Тие треба да се функционални во континуитет, пред, но и по учеството на една Венеција.